**ИЗВЕШТАЈ**
**од програмскиот надзор (мониторинг) на програмата на**
**Трговско радиодифузно друштво ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово,**
**емитувана на 30 март 2014 година**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 31.03.2014 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1892/2 | 1 | |


***Утврдени прекршувања:***

1. <u>**Член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик**</u> (за време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 12 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 8 минути).

| Датум | Период на емитување | Опис |
|---|---|---|
| 30.03.2014 | 12:00:00-12:23:03 – **Митинзи на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата;** | Во периодот од 12 до 13 часот, емитувани се делови од митинзи на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата, со вкупно времетраење од 23 минути и 3 секунди, што е за – 15 минути и 3 секунди повеќе од дозволениот лимит – 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања.<br>Вкупното време на емитуваното платено политичко рекламирање во овој реален час, од 12 до 13 часот, изнесува – 23 минути и 03 секунди, што е за 11 минути и 03 секунди повеќе од дозволениот лимит на час емитувана програма - 12 минути платено политичко рекламирање. |

***Опис на прекршувањето:***

Спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, на 30 март 2014 година, на програмата на Трговско радиодифузно друштво ТВ ВТВ Тони ДОО Валандово, во реалниот час од 12 до 13 часот емитувано е повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за еден учесник во изборната кампања. Исто така, емитувани се и повеќе од 12 минути платено политичко рекламирање на еден реален час емитувана програма.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**